KD Fondovi

31.03 2019

# КД Топ Брендови

## акциски фонд

КД ТОП БРЕНДОВИ ОСНОВАН НА 10.06.2014

ГЛОБАЛНО ОРИЕНТИРАН СО АКЦЕНТ НА “BLUE CHIP” КОМПАНИИ

ПРЕПОРАЧЛИВО ВРЕМЕ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ НАЈМАЛКУ 5 ГОДИНИ

| | | |
|---|---|---|
| Надоместоци и провизии | Влезна провизија | 0% - 5% |
| | Излезна провизија | 0% - 5% |
| | Управувачка провизија | 3% |
| | Надоместок на депозитарна банка | 0,35% |
| Приноси на фондот | 1 година | 12,03% |
| | 3 години | 23,35% |
| | од основање | 28,75% |
| Бенчмарк | MSCI ACWI Index | 100% |

**Индикатор на синтетички ризик и принос***

Помал ризик Помал потенцијален принос ‹ ① ② ③ **❹** ⑤ ⑥ ⑦ › Поголем ризик Поголем потенцијален принос

Вредност на уделот од основање




### ТОП 10 ВЛОЖУВАЊА

**1.Alphabet (5,57%) Google** - компанија основана во 1998. Google до сега има превземено повеќе од 180 компании и во голема мера го диверзифицира својот ризик. Меѓу нив се вбројуваат Android, YouTube и Waze.

**2.Apple (5,69%)** - Американски технолошки гигант, основана 1976 и е најголема компанија во светот. Доколку во 1980 сте инвстирале 990$ во акции од оваа компанија, денес истите би вределе повеќе од 300.000$.

**3.Royal Dutch Shell (5,03%)** - е британско-холандска компанија која е една од шесте најголеми компании од нафтената индустријата и е 55-та по големина во светот.

**4.BHP Group (4,96%)** -работи како интернационална компанија за ресурси. BHP Group произведува минерали, вклучувајќи јаглен, железна руда, злато, титаниум а исто така врши и истражувања за нафта.

**5.Procter & Gamble (4,67%)** - американски производител на производи за широка потрошувачка која има повеќе брендови, од кои 21 генерираат повеќе од една милијарда американски долари годишно. Меѓу најуспешните брендови се Gillette, Ariel, Always, Pampers, Bounty итн.

**6.Johnson & Johnson (4,63%)** - американска мултинационална компанија за производство на медицински помагала, лекови и производи за широка потрошувачка. Денес таа вклучува околу 250 подружници кои работат во 60 земји, а нивните производи се продаваат во повеќе од 175 земји.

**7.Daimler (4,44%)** - основана во 1899. Во 1926 се спојува со Benz & Cie и станува Daimler-Benz AG. Денес е една од петте најголеми производители на автомобили во светот. Daimler AG ги предводи Mercedes-Benz, Smart, Mercedes-Benz Trucks, Vans, Buses итн., а исто така обезбедува и финансиски услуги

**8.PayPal Holdings (3,88%)** - американска компанија која управува со светски online систем за плаќање. Од почетокот на 2017 има вкупно 197 милиони активни сметки на трговци.

**9.Nestle (3,88%)** - еден од главните акционери на L’Oreal, најголемата козметичка компанија во светот. Уште поимпресивен е фактот што 29 брендови од оваа компанија генерираат годишна продажба поголема од една милијарда американски долари.

**10. Merck & Co (3,85%)** - една од најголемите фармацевтски компании во светот. Merck & Co брои 69.000 вработени во 2018 во повеќе од 100 земји. Денес Merck & Co генерира приходи поголеми од 42 милијарди$.

### Гледишта на портфолио менаџерот

КД Топ Брендови е глобално ориентиран фонд со акцент на “Blue Chip” компании кои функционираат во повеќе земји и региони, така што економските и политичките услови надвор од нивните матични земји влијаат на неговите перформанси. Неговата суштина е во флексибилноста, што значи приспособување кон условите на пазарот. Ова обезбедува стабилен долгорочен принос и управува со ризикот во портфолиото на инвеститорите. Во нестабилни времиња, портфолиото вклучува помалку ризични инвестиции, како инструменти со фиксен принос, а кога економската активност е енергична, најголемиот дел од ресурсите се инвестирани во акции. КД Топ Брендови е комбинација од сигурност и профитабилност.

### Моментална состојба

По неколкугодишниот раст на пазарите на капитал, дојдовме до период на зголемена неизвесност, бидејќи цените на акциите се зголемија побрзо од резултатите од работењето и се историски релативно скапи, а обврзниците се сеуште со многу ниски приноси. Економската и политичката несигурност се интензивира во светот. Brexit, прашања во врска за иднината на ЕУ, непредвидливоста на политиката на Трамп во САД, трговската војна и продолжувањето на геополитичките тензии (Русија, Кина, Блискиот Исток) се непознати и бараат од инвеститорите брзо да го адаптираат своето портфолио. Ова значи активно зголемување на изложеноста на инвестиции во акции или вложувања во побезбедни инструменти, се разбира зависно од развојот на пазарот. Во моментов пристапот е умерено конзервативен. Ние бараме стабилни и побезбедни акции за инвестиции кои ги следат трендовите на глобален раст и ќе ја обликуваат економската иднина (компјутеризација, дигитализација, возила, роботика итн).

За да дознаете повеќе за КД Топ Брендови или за другите инвестициски фондови, посетете ја нашата веб страна www.kd-fondovi.mk. Инвеститорите треба да бидат свесни дека вредноста на финансиските инструменти и приходите од нив не е загарантирана. Приносот од минатите години е од информативен карактер и не преставува индикација за очекуваниот принос во иднина. Компанијата се извинува за можните пропусти направени при подготовка на овој документ. Пред да донесете одлука да инвестирате средствата во инвестицискиот фонд добро е да се запознаете со целосната содржина на Статутот и Проспектот на фондот.

*Индикаторот за синтетички ризик и принос го прикажува соодносот на потенцијалниот ризик и потенцијалниот принос на инвестициите во фондот врз основа на флуктуација на вредност на уделот во изминатите години. Историските податоци кои се користат при пресметувањето на индикаторот не се показател за идниот принос на фондот. Ризикот и приносот може да се променат со текот на времето. Најниското ниво на скалата не значи инвестиција без ризик.